**Известување за концентрација со која АЈФХ Лтд., Кипар ќе стекне контрола врз АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИНДУСТРИСКО МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ИМЛЕК, ПАДИНСКА СКЕЛА, Србија**

**(предмет бр. 08-173 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 26.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое АЈФХ Лтд**.**, Друштво со ограничена одговорност на едно лице со седиште на адреса Агапинорос 2 & Арч. Макарио III, 2, ИРИС ТАУЕР, 4 кат, Стан/Канцеларија 403-405,1076, Никозија, Кипар ќе стекне контрола врз АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИНДУСТРИСКО МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ИМЛЕК, ПАДИНСКА СКЕЛА, јавно акционерско друштво основано според законите на Република Србија, со седиште на адресата Индустриско Насеље б.б, Белград, Србија.

**-АЈФХ Лтд.** е инвестициска холдинг-компанија која примарно инвестира во приватни капитални вложувања и на јавните пазари. Портфолиото на АЈФХ Лтд**.** се состои од инвестиции во кои таа делува или како единствен инвеститор, или како ко-инвеститор.

-**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИНДУСТРИСКО МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ИМЛЕК, ПАДИНСКА СКЕЛА** е српска прехранбена компанија со седиште во Белград, специјализирана за млеко и млечни производи. Имлек е регионална компанија која работи на териториите на Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Северна Македонија.

Портфолиото на производи на АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИНДУСТРИСКО МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ИМЛЕК, ПАДИНСКА СКЕЛА опфаќа над 80 млечни производи, вклучувајќи млеко, јогурт, сирење, путер и пијалоци на растителна основа. Значајни брендови се Моја Кравица, Јогуд, Флерт и Баланс+.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИНДУСТРИСКО МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ИМЛЕК, ПАДИНСКА СКЕЛА е присутен во Северна Македонија преку едно зависно друштво - **Млекара АД Битола** со регистрирано седиште на улица Ѓурчин Наумов Пљакот бр.1 , 7000 Битола, Република Северна Македонија, и регистрирана дејност- производство на млечни производи. Македонското зависно друштво на Имлек обезбедува широк спектар од над 80 висококвалитетни млечни производи, развиени преку континуирани иновации и инвестиции во напредна технологија.

Предложената трансакција се однесува на релевантните пазари на производи: (i) пазарот ***за набавка на сурово (кравјо) млеко; (ii) пазар за производство на млеко и млечни производи; и (iii) пазар за дистрибуција на млеко и млечни производи*** на територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

28.11.2025 година

Скопје